# ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ
# СЛУЖБИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Служби за вработување на лица со попреченост (Disability Employment Services – DES) се организации под договор кои нудат владини услуги за вработување и поддршка. Тие им помагаат на луѓе со попреченост, повреда или здравствена состојба, кои ги исполнуваат условите, да најдат и останат на работа.

DES давателите на услуги се стручњаци за поврзување на луѓе со попреченост со потенцијални работодавци. Тие работат директно со луѓе со попреченост за да им помогнат да најдат работа така што се запознаваат со нивните способности, квалификации, претходно работно искуство и цели во кариерата. Тие знаат каде има работа и како да им помогнат на луѓето со попреченост да најдат работа и да ја задржат.

Кога лице со попреченост е примено на работа, DES давателот на услуги ќе му даде помош во врска со вработувањето најмалку 26 недели, но може да им помогне и на вработениот и на работодавецот толку долго колку што е потребно.

На работодавците DES може да им даде низа бесплатни услуги, вклучувајќи помош да вработат и задржат на работа млади работници со попреченост.

За да дознаете како да добиете помош од DES, стапете во контакт со Министерството за општествени служби - [Department of Human Services (Centrelink)]. Исто така може директно да се регистрирате кај DES давател на услуги во вашето подрачје. Листа на DES даватели на услуги во вашето подрачје може да се најде на интернет страницата jobactive на www.jobsearch.gov.au

За повеќе информации за вработување на луѓе со попреченост, посетете ја интернет страницата www.jobaccess.gov.au или јавете се на советник на JobAccess на 1800 464 800 – повици од мобилни телефони се наплатуваат.

Australian Government

JobAccess is the national hub for workplace and employment information for people with disability, employers and service providers.

**1800 464 800** **www.jobaccess.gov.au**